# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2020

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Подготвува и издава
Управа за јавни приходи
бул.„Кузман Јосифовски-Питу”
бр.1, 1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Уредници
Сектор за стратешко планирање,
анализа и статистика

Дата на издавање
04.06.2021 година

Дизајн и припрема
Драгица Николоска - Сектор за
поддршка на директорот и
односи со јавност

Наслов
Годишен извештај на
Управа за јавни приходи
за 2020 година

ISSN: 1857-7121
Бр: 08-3924/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/osnovni_dokumenti/category/113

**2021 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

# СОДРЖИНА


6 ВИЗИЈА

6 МИСИЈА

7 ЛИЧНА КАРТА НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

11 ДАНОЧНА РЕГУЛАТИВА И АНТИКРИЗНИ МЕРКИ

13 РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО 2020

14 ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА ЗА ДАНОЧНИ ОСЛОБОДУВАЊА И ОЛЕСНУВАЊА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ COVID-19

17 ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ COVID-19

19 ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ COVID-19

20 ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА МАКЕДОНСКИ ДОБРА И УСЛУГИ ПРЕКУ АПЛИКАЦИЈАТА „МОЈДДВ"

21 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

23 СОРАБОТКА И ЧЛЕНСТВО НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ СО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

27 ДОБРОВОЛНО И ЗАКОНСКО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРСКИ

28 ПЛАН И НАПЛАТА НА ДАНОЦИТЕ, СОЦИЈАЛНИТЕ ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТАИ ДРУГИ ЈАВНИ ДАВАЧКИ ВО 2020 ГОДИНА

31 ПЛАН И НАПЛАТА НА ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ

33 ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

34 ДАНОК НА ДОБИВКА

35 ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

36 ПРИХОДИ ОД СОЦИЈАЛНИ ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА

37 ПОДОБРЕНО АДМИНИСТРИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ДОЛГОВИ

39 КОНТРОЛИ НА ДАНОЦИ, ДРУГИ ЈАВНИ ДАВАЧКИ, КОНТРОЛИ ВО ФУНКЦИЈА И ОСТАНАТИ КОНТРОЛИ

41 ПРАВНИ РАБОТИ

42 ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ, ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА И НАПЛАТА ВО ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

43 ДРУГИ ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

44 БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ

45 УЈП ПРОФИЛИ НАСОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

46 СТАТИСТИКИ



*2020 година беше година која ја одбележа Пандемијата предизвикана од вирусот Covid-19. Како институција ја започнавме годината со голем елан и оптимизам со цел нејзино дигитализирање и натамошно унапредување.*

*На самиот почеток на годината оствaривме билатерални средби со Албанската даночна администрација првин во Скопје, а потоа и во Тирана, заради продлабочување на соработката меѓу двете институции во делот на превенција, откривање и борба против даночната евазија, а поради големиот интерес од нивна страна го презентиравме успешниот проект на Управата за јавни приходи - МојДДВ. Започнавме со имплементација на Твининг проектот "**Подобрување на наплатата на приходите и даночна и царинска политика**"заедно со Министерството за финансии и Царинската управа, со помош на твининг партнерите од Австрија и Хрватска, а поддржан од Делегацијата на Европската Унија, со цел усогласување на даночното законодавство, со законодавството на ЕУ и најдобрите практики, како и поедноставување на даночните процедури што ќе резултираат во подобрување на квалитетот на даночните услуги што им се нудат на граѓаните.*

*Во првата половина од март веќе се се смени. Целиот тек на дејствување во светот и во нашата држава доби нова димензија. На повидок беше пандемија во светски рамки. Ние како институција веднаш пристапивме кон организирање на работата во услови на криза. Спроведувајќи ги сите здравствени протоколи кои беа донесени од Владата, обезбедивме непречен процес на работата, и истовремено зачувување на здравјето на вработените и на даночните обврзници. Владата пристапи кон креирање на политики за помош на најпогодените сектори од Пандемијата, а Управата за јавни приходи учествуваше во истите.*
*Во пандемичната 2020 годината, УЈП беше една од најекспонираните институции и еден од главните имлементатори на антикризните мерки, со цел справување со економските последици од здравствено економската криза предизвикана од вирусот Covid -19.*
*Го прилагодивме ИТ системот преку кој успешно ги реализиравме мерките:*

- *Финансиска поддршка на работодавачи и физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено економската криза заради исплата на плата на работниците за месеците април, мај, јуни, октомври, ноември и декември 2020 година.*
- *Ослободување од плаќање на износот на аконтации на данокот на личен доход и данок на доход за даночни обврзници кои имаат претрпено штети во своето работење заради ширењето на Коронавирусот Covid-19, за месеците март, април, мај, јуни и јули, октомври, ноември и декември 2020 година.*
- *100% субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, за работодавачот – медиум.*
- *Се субвеницонираа придонесите за исплата на плата за април, мај и јуни кај најпогодените работодавачи (угостителсство, туризам и транспорт).*
- *Изготвививме и доставивме Листи на граѓани со низок доход, Листа на вработени лица со низок доход и Листа на корисници на ваучери за туризам, до ГС на ВРСМ заради издавање на државна платежна картичка/ваучер за туризам/ исплата на финансиска помош.*

*Со започнување на пандемијата не се издаваа опомени за плаќање на данок и не се отпочнуваше постапка за присилна наплата за време на траењето на вонредната состојба како и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 30 јуни 2020 година и тоа за: даночен долг кој е доспеан, а неплатен, и за кој не се отпочнати постапки на присилна наплата и за даночен долг по сите основи кој ќе доспее во месеците мај и јуни 2020 година.*

*Во периодот мај-август и покрај пандемијата, преку виртуелни состаноци од страна на Светската банка за првпат се спроведе најсеопфатната проценка на капацитетите на даночната администрација преку веб алатката "**Tax Diamond**". Вкупно 230 показатели дадоа слика за успешноста на Управата за јавни приходи врз основа на збирни мерења на успешноста на работењето, стратешката визија, законската и регулативната рамка.*
*Во насока на поддршка на процесите на модернизација Меѓународниот Монетарен Фонд продолжи со спроведување на континуираната техничка помош преку Одделот за фискални прашања и на крајот од 2020 година заедно започнавме со ТАДАТ оценувањето.*

*Глобалната пандемија бараше прилагодување кон новите онлајн платформи и новиот начин на работење со меѓународните институции каде што е членка Управата за јавни приходи, при што наши вработени земаа учество на виртуелни состаноци, работилници и семинари организирани од Фискалис 2020, ИОТА, ЦЕФ, ОЕЦД, ММФ и СБ.*

*Ја реализиравме мерката **Викенд без ДДВ** која имаше за цел зајакнување на домашниот буџет на граѓаните и зголемена потрошувачка на македонските производи која пак влијаеше на подобрување на македонското стопанство. Ги реализиравме исплатите кон граѓаните кои скенираат сметки преку апликацијата Мој ДДВ за сите тримесечја од 2020 година како и од **Викенд без ДДВ**. И понатаму заедно со Агенцијата за млади и спорт го спроведуваме ваучер - системот.*

*Преземавме мерки и активности против оние даночни обврзници кои земаа финансиска помош од државата заради исплата на плати на работниците, а истите не ги исплатија.*
*Во поинакви услови го одбележавме и нашиот празник, Денот на даночниците, заблагодарувајќи се на нашите соработници.*
*Иако 2020 година помина во знакот на Пандемијата, преку активностите кои ги спроведувавме како институција, успеавме да ја одржиме наплатливоста на даноците и придонесите.*

***Продолжуваме со унапредување на институцијата и со реализација на сите мерки кои се од интерес на даночните обврзници и граѓаните**.*

*Со почит,*

*ДИРЕКТОР*

*Сања Лукаревска*

*Визијата на Управата за јавни приходи е да стане модел за професионална организација препознатлива според најдобрите практики на ЕУ и стандардите за квалитет, со висок интегритет и доверба во општествената заедница како гаранција за поттикнување и одржување на висок степен на доброволна усогласеност на даночните обврзници...*

# ВИЗИЈА

За да ја оствариме нашата визија, продолжуваме да го зајакнуваме административниот капацитет со цел да ги постигнеме зголемените стандарди во работењето, со подобрување на деловните практики и внесување на промени согласно со севкупната дигитална трансформација.

Започнавме да внесуваме нова организациска култура во работењето на даночната администрација, која обезбедува професионалност, квалитетно и транспарентно работење и одговорност за резултатите.

Управата за јавни приходи креира единствена политика за обезбедување на едноставни даночни постапки и дигитализирани услуги за помош и поддршка на даночните обврзници за навремено и точно исполнување на обврските.

Во управувањето со даночната усогласеност, се базираме на приоретизирање на ризиците кои влијаат на доброволната усогласеност на даночните обврзници, така што се применуваат вистинските активности, во вистинското време кон вистинските даночни обврзници, водејќи сметка за принципите на ефективност и ефикасност.

Управата за јавни приходи применува управувачки стратегии кои обезбедуваат даночните обврзници да се третираат доследно и праведно, како гаранција за одржување доверба во интегритетот на институцијата.

Во остварување на своите деловни активности, Управата се обврзува да негува отворен и одговорен пристап кон даночните обврзници, вработените, институциите на државата, меѓународните организации и целокупната општествена заедница.

*Нашата Мисија е да се обезбеди праведна и ефикасна наплата на даноците и другите јавни давачки со висок степен на доброволна усогласеност на даночните обврзници при исполнување на даночните обврски, преку едноставни даночни постапки и дигитализирани услуги за помош и поддршка на даночните обврзници за навремено и точно исполнување на обврските.*

# МИСИЈА

Во извршување на нашата мисија од даночните обврзници очекуваме:

- Искреност и чесност во меѓусебната соработка
- Навремено доставување на точни и целосни информации кои се потребни за водење на постапките
- Плаќање на даноците во законски пропишаните рокови
- Водење на книгите и евиденциите на пропишан начин
- Редовно известување за промените на основните податоци

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

- **Назив** - Управа за јавни приходи (УЈП)
- **Правна форма** - Орган на државна управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице
- **Функционира** - Единствено на територијата на Република Северна Македонија
- **Седиште** - Скопје
- **Адреса** - ул.„Кузман Јосифовски Питу“ бр.1, 1000 Скопје
- **Конститутивен акт** - Закон за Управата за јавни приходи („Службен весник на РМ“, бр.80 од 30.12.1993 година)
- **Раководење** - Директор
- **Избор на директор** - Директорот и неговиот заменик ги именува и разрешува Владата на РСМ на период од четири години

## ФИНАНСИРАЊЕ

- Буџет на Република Северна Македонија
- Приходи од склучени договори за вршење контрола и наплата на јавни давачки
- 25% од приходите од откриени и наплатени даноци и камати
- Други приходи утврдени со пропис
- **Постапување**: Закон за Управата за јавни приходи, Закон за даночна постапка, законите со кои се уредуваат одделни видови даноци и ратификуваните меѓународни договори

## НАДЛЕЖНОСТИ

- Спроведување на законите и други прописи за даноците
- Регистрација на даночни обврзници, доделување ЕДБ и водење регистар на даночни обврзници
- Прием на даночни биланси, извештаи и пријави, водење даночни евиденции, утврдување на даноци, наплата и поврат на даноци, следење и анализа на даночни приходи
- Утврдување и наплата на други јавни давачки согласно закон или договор
- Наплата на парични казни, глоби и трошоци изречени во парнични, прекршочни, кривични и управни постапки во корист на РСМ
- Инспекциски надзор
- Следење и анализа на примената на прописите и функционирање на даночниот систем
- Следење и анализирање на даночните приходи
- Давање појаснување на даночни обврзници во примена на прописите за даноците, обезбедување јавност во работата
- Воведување, организирање, користење и развој на единствен даночен информационен систем
- Издавање на уверенија, потврди и други документи за платени даноци
- Донесување на финансиски план, програма и планови за работа
- Соработка со даночни органи на други држави
- Примена на меѓународните договори од областа на даноците и давање меѓународна правна помош



**Основни акти**

- Акт за организација, Акт за систематизација, Колективен договор на УЈП, Кодекс на етика

**Вработени** ● Жени 559 ● Мажи 520

- 1,079 вработени, 2 функционери и 12 вработени имаат статус на мирување (состојба 31.12.2020)

**Статус**

- Даночни службеници/Државни службеници/ Вработени согласно Законот за работни односи

**Старост**

- од 20 до 29 години - **15**
- од 30 до 39 години - **257**
- од 40 до 49 години - **225**
- од 50 до 59 години - **277**
- од 60 до 64 години - **305**

**Образование**

- Високо образование 65% - **701 лице**
- Вишо образование 5.7% - **62 лица**
- Средно образование 27.9% - **301 лице**
- Основно образование 1.4% - **15 лица**

**Ден на УЈП**

- Свети Матеј - заштитник на даночниците - Награди и признанија

- Признание за долгогодишна непрекината работа во Управата за јавни приходи (јубилеј 10/20/30/40)
- Благодарница за долгогодишна работа во Управата за јавни приходи (по основ на остварување на право на старосна пензија)
- Пофалница за професионалност и ефикасност во работата на УЈП
- Пофалница за посебен придонес во исполнување на работните цели и задачи на Управата за јавни приходи
- Јубилејна награда претставена во паричен износ од една просечна плата исплатена во Управа за јавни приходи во последните 3 (три )месеци
- Други награди

# ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА

## ДГДО/РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ /ДАНОЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА И ДАНОЧНИ ШАЛТЕРИ

- Регионална дирекција Скопје
- Регионална дирекција Битола
- Регионална дирекција Прилеп
- Регионална дирекција Струмица
- Регионална дирекција Тетово
- Регионална дирекција Штип

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА БИТОЛА**
- Даночно одделение Охрид
- Даночно одделение Ресен
- Даночно одделение Струга

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА ПРИЛЕП**
- Даночно одделение Велес
- Даночно одделение Кавадарци
- Даночно одделение Неготино

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА ТЕТОВО**
- Даночно одделение Гостивар
- Даночно одделение Дебар
- Даночно одделение Кичево

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА СТРУМИЦА**
- Даночно одделение Берово
- Даночно одделение Гевгелија
- Даночно одделение Радовиш

**РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА ШТИП**
- Даночно одделение Виница
- Даночно одделение Кочани
- Даночно одделение Крива Паланка
- Даночно одделение Куманово



## Организација на Генерална дирекција - Скопје




| ФИНАНСИРАЊЕ НА УЈП | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Буџет на Република Северна Македонија | 1,899,306,605 МКД | 877.615.297 МКД |
| Приходи од склучени договори за вршење контрола и наплата на јавни давачки | 563,755,671 МКД | 556.023.795 МКД |
| **Вкупни приходи на УЈП** | **2,463,062,276 МКД** | **1,433,639,092 МКД** |
| Од буџетските приходи надоместени се | 1,899,306,605 МКД | 877.615.297 МКД |
| Од сопствените приходи надоместени се | 160,344,646 МКД | 143.295.211 МКД |
| **Вкупни расходи на УЈП** | **2,059,651,251 МКД** | **1,020,910,508 МКД** |

# ДАНОЧНА РЕГУЛАТИВА И АНТИКРИЗНИ МЕРКИ

Поради воведување на вонредната состојба на 18.03.2020 година со Одлука на Владата на Република Северна Македонија објавена во „Службен весник на РСМ, бр.68/2020, а како последица на настанатата криза со вирусот COVID-19, од страна на ВРСМ донесени се Уредби со законска сила со кои се дава финансиска поддршка и олеснувања во подмирување на даночните обврски за стопанството (даночните обврзници) погодени од настанатата криза. За таа цел донесени се следниве уредби:

- **Уредба** со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба.
- **Уредба** со законска сила за примена на Законот за данокот на добивка за време на вонредна состојба.
- **Уредба** со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба.
- **Уредба** со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба.
- **Уредба** со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба.
- **Уредба** со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено - економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 за време на вонредна состојба.
- **Уредба** со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID- 19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година.
- **Уредба** со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година.
- **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба.
- **Уредба** со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба.



На 15.05.2020 година, донесена е Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на РСМ за 2020 година, за време на вонредната состојба („Службен весник на РСМ",бр.126). На 15.05.2020 година, извршен е Ребаланс на Буџетот со кој Буџетот на РСМ за 2020 година - Буџетска сметка, е проектиран во висина од 259,811,666,000 денари што претставува намалување во однос на првиот план во апсолутен износ од 644,859,000 денари или за 0,25%. Во рамки на Ребалансот на Буџетот, даночните приходи и социјалните придонеси од плати кои ги администрира Управата за јавни приходи се планирани во висина од 155,127,000,000 денари, што претставува намалување од првиот план за наплата на приходите од УЈП за 10,20%. Со тоа, Управата за јавни приходи се задолжува за наплата на 59,71% од средствата кои го формираат Буџетот на Република Северна Македонија - Буџетска сметка, од кои, од наплата на даноците 77,300,000,000 денари или 29.75% и од наплата на придонесите 77,827,000,000 денари или 29.96%.

На 04.11.2020 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на РСМ", бр. 262/2020), со кој е извршен Ребаланс на Буџетот, кој е проектиран во висина од 273,005,568,000 денари, што во однос на претходниот план во износ од 259,811,666,000 денари претставува зголемување за 5,08%. Во тие рамки, даночните приходи и социјалните придонеси од плати кои ги администрира Управата за јавни приходи се планирани во висина од 155,933,170,000 денари, што претставува зголемување од претходниот план за наплата на приходите од УЈП за 0,52%. Со тоа, Управата за јавни приходи се задолжува за наплата на 57,12% од средствата кои го формираат Буџетот на Република Северна Македонија-Буџетска сметка.

Даноците како дел од Основниот Буџет и фондовите со Буџетскиот план беа проектирани во износ од 77,300,000,000 денари, (Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за време на вонредната состојба („Службен весник на РСМ", бр.126). Со Ребалансот на Буџетот на РСМ даночните приходи се проектирани во висина од 77,300,000,000 денари, што значи дека Планот за даночните приходи за 2020 година останал ист.

Придонесите како дел од Основниот Буџет и фондовите со Буџетскиот план беа проектирани во износ од 77,827,000,000 денари, (Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за време на вонредната состојба („Службен весник на РСМ", бр.126). Со Ребалансот на Буџетот на РСМ социјалните придонеси се проектирани во висина од 78,633,170,000 денари, што значи зголемување на претходниот план за 806,170,000 денари или 1,04%.





# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО 2020

*Реализацијата на планираните активности беше условена од доследно спроведување на заклучоците, мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус) и заклучоците на Колегиумот на Управата за јавни приходи одржан на 13 март 2020 година, со определување конкретни мерки и препораки во рамки на работењето во Управата за јавни приходи, вклучително и на нејзините вработени*



- Се ограничи работата со странки, а давањето на услуги се сведе само на најнеопходните, со упатување странките да ги користат достапните е – Услуги;
- Вработените кои вршат работа на терен (даночни инспектори, даночни контроли и даночни извршители) да го ограничат работењето само на извршување работи и работни активности на самото работно место;
- Вработените (хронично болни), како и еден од родителите на деца до 10 годишна возраст беа ослободени од работа и од работни задачи;
- Од страна на ВРСМ донесени се бројни Уредби со законска сила со кои се дава финансиска поддршка и олеснувања во подмирување на даночните обврски за стопанството (даночните обврзници) погодени од настанатата криза, за што беше неопходно целосно ангажирање на голем број вработени во Управата за јавни приходи,
- Во периодот од март до јуни 2020 година интензивно се работеше на имплементација на пакетот Антикризни мерки за справување со здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 и тоа од процесот на изработка на Уредбите преку учество на работни состаноци, давање предлози и забелешки, креирање на обрасци согласно Уредбите, нивно усогласување со надлежните институции, поставување на барањата на е-Даноци и е-ПДД, креирање на алгоритми, проверка, тестирање и имплементација. Остварена е комуникација со МКБ за воспоставување на размена на податоци за проверка на кредитната задолженост на компаниите. Се работеше на креирање на правила и процедури за имплементација на одредбите од Уредбите во МПИН системот, нивна проверка, тестирање и имплементација.
- Одржани се повеќе состаноци со Светска банка, направена е презентација на целиот процес, усогласен е извештај врз основа на кој се врши исплата на средства од СБ до Генерален секретаријат, направена е предлог процедура за поплаки по барањата, поставени се најчесто одговорени прашања и барања на Интернет страницата на УЈП - www.ujp.gov.mk.
- Давани се извештаи до СБ, Генерален секретаријат, МФ и МТСП за искористеноста на мерките согласно уредбите.



# ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА ЗА ДАНОЧНИ ОСЛОБОДУВАЊА И ОЛЕСНУВАЊА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ COVID-19

## Данок на додадена вредност

- Се поедностави формата на издавање и начиот на пренос на фактура во електронска форма.
- Се овозможи дирекно ослободување од ДДВ на прометот на добра и услуги кои како донација се дадени на буџетски корисник односно прометот остварен со донирани финансиски средства кон буџетски корисник кој се однесува за справување со вирусот Covid-19.
- Се продолжи рокот за поднесување на даночната пријава на ддв и рокот за плаќање на ддв за време на траење на вонредната состојба.
- Се даде можност за донирање на делот од ддв во Буџетот на Република Северна Македонија кој треба да им биде вратен на физичките лица во рамки на проектот Мој ДДВ.
- Се воведе нова повластена даночна стапка од 10% која се применува на услуги на предавање на храна и на пијалаци за консумација на лице место и кетеринг услуги, со исклучок на алкохолни пијалаци.
- Се воведе повластена даночна стапка од 5% на занаетчиски услуги коишто се вршат од страна на занаетчии коишто се запишани во занаетчиски регистар согласно со Законот за занаетчиство, и тоа:
  (а) Поправка на: велосипеди, чевли и производи од кожа, облека и постелнина за домаќинството (вклучувајќи крпење и прекројување) и
  (б) фризерски услуги.

# Данок на добивка

Даночните обврзници се ослободија од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка за месеците март, април, мај, јуни и јули2020 година. Исто така, обврзниците на данокот на добивка кои имаат претрпено штети во своето работење поради ширење на вирусот COVID-19 се ослободија од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка за месеците ноември и декември 2020 година и јануари и февруари 2021 година.

Платените лабораториски тестови за COVID-19 за вработени лица во износ до 9.000 денари на годишно ниво по вработен, се сметаат за признат расход.



Даночните обврзници кои го користат даночното ослободување односно намалување на пресметаниот данок на добивка за износот на донираните финансиски средства на спортски субјекти, може да донираат во два спортски субјекти од ист вид на спорт, само доколку едниот субјект е национална спортска федерација, а другиот спортски субјект е спортски клуб или активен спортист кој се натпреварува во индивидуален спорт.

Даночните обврзниците кои во 2020 и 2021 година ќе остварат загуба искажана во Билансот на успех, истата намалена за непризнаените расходи искажани во даночниот биланс ќе може да ја пренесат на товар на добивката во идните пресметковни периоди најмногу до пет години сметано од годината во која е искажана загубата. Со оваа измена се укинува условот за претходно покривање на загубата согласно Законот за трговски друштва.

Зголемен е прагот за влез во режимот за оданочување со данок на вкупен приход за 2020 година и тоа:

- Трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци и правните лица резиденти на Република Северна Македонија кои водат сметководство и подготвуваат годишни сметки согласно со Законот за трговските друштва, се ослободени од обврската за плаќање на годишен данок на вкупен приход под услов вкупниот приход остварен во 2020 година од кој било извор да не го надминува износот од 5.000.000 денари на годишно ниво.
- Трговските друштва класифицирани како мали и микротрговци и правните лица резиденти на Република Северна Македонија кои водат сметководство и подготвуваат годишни сметки согласно со Законот за трговските друштва, можат да се определат да пресметуваат и плаќаат годишен данок на вкупен приход за 2020 година под услов:
  1) да извршуваат стопанска дејност, освен банкарска, финансиска, осигурителна и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри и
  2) вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од кој било извор да изнесува од 5.000.001 до 10.000.000 денари на годишно ниво.

Од 01.01.2021 година, за признати расходи ќе се сметаат трошоците по основ на уплатени премии за дополнително здравствено осигурување до износот од една просечна месечна бруто плата, исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, на годишно ниво по вработен.

# Данок на личен доход




Обврзниците на данокот на личен доход кои остваруваат доход од самостојна дејност имаа право за ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход за месеците март, април, мај, јуни и јули 2020 година.

**Данок на личен доход не се плаќа за**:

- Платени лабораториски тестови за COVID-19 за вработени лица во износ до 9.000 денари на годишно ниво по вработен (од 07 декември 2020 година);
- Ваучер на активен спортист издаден од Агенцијата за млади и спорт, согласно со Законот за спортот. (од 07 декември 2020 година);
- Надоместоци на трошоци за обуки и доквалификација (стекнување сертификати, лиценци и сл.) на вработени лица, поврзани со нивното работно место, под услов истите да продолжат со работа кај истиот работодавач, во временски период утврден со договор (од 1 јануари 2021 година);
- Уплатена премија за доброволно здравствено осигурување за една календарска година, за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, во висина од една просечна месечна бруто-плата во Република Северна Македонија, објавена во јануари во тековната година според податоците од Државниот завод за статистика (од 1 јануари 2021 година);
- Даден репроматеријал без надоместок (семенски материјал и производи за заштита на растенија во расадопроизводство), од 1 јануари 2021 година.

Се признаваат трошоците при составување на Годишниот даночниот биланс за 2021 година (образец ДЛД-ДБ), кај обврзниците кои остваруваат доход од самостојна дејност за:

- репрезентација во висина од 10%;
- уплатена премија за доброволно здравствено осигурување за една календарска година, за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, во висина од една просечна месечна бруто-плата во Република Северна Македонија, објавена во јануари во тековната година според податоците од Државниот завод за статистика;
- платени лабораториски тестови за COVID-19 за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност во износ до 9.000 денари на годишно ниво по вработен.

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РАБОТОДАВАЧИТЕ ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ COVID-19

1. Со Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април, мај и јуни 2020 година се обезбеди финансиска поддршка за исплатата на платите на работниците кај работодавачот-барател на финансиска поддршка за месеците април, мај и јуни 2020 година, во износ најмногу до 14.500 денари месечно по работник, согласно со работното време (полно или неполно работно време) на кое е пријавен работникот, намалено за работното време за кое работникот остварува надоместок на плата кој не паѓа на товар на работодавачот.
Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати, има обврска примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РСМ, но најмногу до износот од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи во Даночниот биланс за обврзниците на данокот на добивка; за обврзниците на годишниот данок на вкупен приход, најмногу до износот од 50% од финансискиот резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година, односно за вршителите на дејност, најмногу до износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец Б) за 2020 година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во годишниот Даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност. Враќањето на износот се врши на три месечни рати, без камата, во месеците април, мај и јуни 2021 година.
Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати и кој не искажал даночна основа за оданочување во Даночниот биланс, износот напримена финансиска поддршка за исплата на плати нема да ја врати во Буџетот РСМ, доколку нема обврски по основ на неплатени даноци и придонеси.
Финансиската поддршка за исплата на плати е неповратна за работодавач-корисник на финансиска поддршка кој вработува до 250 вработени, кој:
- Во последните 2 години искажал добивка после оданочување,
- Не се наоѓа на листата на должници согласно со последната објавена *Листа на должници на доспеани и неплатени долгови* на Управата за јавни приходи на денот на поднесување на барањето,
- Заклучно со 29 февруари 2020 година не доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на достасаноста, согласно со податоците за задолженост од соодветен регистар/биро,
- Ќе докаже дека финансиските средства во износ еднаков или поголем од износот на добиена финансиска поддршка ги искористил за:

а) инвестиции во вработени:
- Обука на вработените во области како што се маркетинг и брендирање, финансиско управување, подобрување на производството, истражување и развој, дигитални вештини и надградба и слични обуки,
- Обука на вработените за управување како што е бизнис менаџмент, стратегија, корпоративно управување или која било активност дефинирана под обука на вработените за целите на вршење на дејноста.

б) оперативни подобрувања на компанијата:
- Набавки поврзани со надградба на производството (на пр. Подобрување на производство и дизајнирање на процеси), маркетинг и брендирање, промена на деловниот модел, дигитална трансформација (автоматизација, онлајн трговија), нова експанзија на пазарот, развој на нов производ и слични набавки,
- Воведување на акредитирани нови стандарди, набавки на патенти, авторски права, трговски марки и други права од интелектуална сопственост,

в) продуктивен капитал:
- Набавки на опрема и други средства кои се користат за подобрување на ефикасноста и продуктивноста на работењето, опрема поврзана со производството, компјутери и друга соодветна опрема, софтвер, опрема за транспорт и слични набавки во функција на вршење на дејноста.
- Набавките работодавачот-корисник на финансиска поддршка треба да ги изврши до крајот на 2020 година.

2. Со Уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба на работодавачот, за секој осигуреник, за месеците април, мај и јуни 2020 година, му се субвенционира износот за исплата на придонесите од задолжително социјално осигурување во висина од 50% од пресметаните придонеси од задолжително социјално осигурување од страна на обврзникот, но најмногу до 50% од придонесите од задолжително социјално осигурување пресметани на просечна бруто плата по работник во РСМ според податоците на Државниот завод за статистика.
Работодавачот кој го искористил правото на субвенционирање за исплата на придонесите од задолжително социјално осигурување, должен е примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РСМ, но најмногу до износот од 50% од остварениот финансиски резултат пред




оданочување за 2020 година зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи во Даночниот биланс за обврзниците на данокот на добивка; за обврзниците на годишниот данок на вкупен приход, најмногу до износот од 50% од остварениот финансиски резултат од Билансот на успех (добивка пред оданочување) за 2020 година, односно за вршителите на дејност, најмногу до износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец Б) за 2020 година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во годишниот Даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност. Враќањето на износот се врши на три месечни рати без камата во месец април, мај и јуни 2021 година.

3. Со Уредбата со законска сила за субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во медиуми, на работодавачот - медиум, за секој осигуреник за месец јуни, јули и август 2020 година му се субвенционира 100% од износот за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување.

4. Со Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година се обезбеди финансиска поддршка за исплата на платите на работниците кај работодавачот-барател на финансиска поддршка за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, во износ најмногу до 21.776 денари месечно по работник, утврден согласно работното време (полно или неполно работно време) на кое е пријавен работникот, намалено за работното време за кое работникот остварува надоместок на плата кој не паѓа на товар на работодавачот како и согласно со членот 5 од овој закон, кој не може да биде повисок од платата на работникот која ја исплаќа работодавачот за месецот за кој бара финансиска поддршка.
Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плата согласно со овој закон има обврска примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РСМ, но најмногу до износот од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи во Даночниот биланс за обврзниците на данокот на добивка; за обврзниците на годишниот данок на вкупен приход, најмногу до износот од 50% од финансискиот резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех, односно за вршителите на дејност, најмногу до износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец Б) за 2020 година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во годишниот Даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност. Враќањето на износот се врши на три месечни рати, без камата, во месеците октомври, ноември и декември 2021 година.
Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати и кој не искажал даночна основа за оданочување во даночниот биланс за оданочување на добивка (образец ДБ), односно искажал негативен финансиски резултат (загуба пред оданочување) во Билансот на успех, за обврзниците на годишниот данок на вкупен приход кои доставуваат Даночен биланс на вкупен приход (образец ДБ-ВП), односно не искажал даночна основа во Годишниот Даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност (образец ДЛД-ДБ) износот на примена финансиска поддршка за исплата на плати нема да ја врати во Буџетот на РСМ, доколку нема обврски по основ на неплатени даноци и придонеси.

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ COVID-19

1. Со Уредба со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 за време на вондредна состојба, се обезбеди финансиска поддршка за исплата финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност за месеците април, мај и јуни 2020 година, во износ од 14.500 денари месечно.
   Физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход - барател на финансиска поддршка, а кое го искористило правото на финансиска поддршка, должно е примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РСМ, но најмногу до износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат за 2020 година, пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец Б), зголемен за непризнаените расходи за даночни цели од Годишниот даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност. Враќањето на износот, се врши на три месечни рати, без камата, во месеците април, мај и јуни 2021 година.

2. Со Закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено - економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците октомври, ноември и декември 2020 година се обезбеди исплата на финансиски средства за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, во износ од 17.410 денари месечно за физичкото лице кое врши самостојна дејност - барател на финансиска поддршка.

   Физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход кое го искористило правото на финансиска поддршка согласно со овој закон има обврска примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РСМ, но најмногу до износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат за 2020 година, пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец Б), зголемен за непризнаените расходи за даночни цели од Годишниот даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност.

   Физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход кое го искористило правото на финансиска поддршка согласно со овој закон и кое не искажало даночна основа во Годишниот Даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност (образец ДЛД-ДБ) износот на примена финансиска поддршка нема да ја врати во Буџетот на РСМ, доколку нема обврски по основ на неплатени даноци и придонеси.



# ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА МАКЕДОНСКИ ДОБРА И УСЛУГИ ПРЕКУ АПЛИКАЦИЈАТА „МОЈДДВ”

Со изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физички лица за време на вонредна состојба („Службен Весник на РСМ”, бр.156/2020 од 12.06.2020) е регулиранодека враќањето на делот од ДДВ пресметан на прометот на македонски добра и услуги се врши во висина од **20%**, а за останати добра и услуги се врши во висина од **10%**, од пресметаниот ДДВ искажан во поединечна фискална сметка. Оваа пресметка се врши од денот на влегувањето во сила на Уредбата со законска сила и не подоцна од 31.12.2020 година.

Со цел имплементација на мерката преку која се поттикнува потрошувачката на македонските добра и услуги, Управата за јавни приходи брзо и ефикасно ја прилагоди апликацијата МојДДВ преку која на граѓаните кои скенираат фискални сметки за купените македонски добра и услуги ќе им се изврши поврат во висина од 20%, а за останатите добра и услуги во висина од 10% од пресметаниот данок искажан во фискалната сметка.

Со овие прилагодувања, за скенираните сметки од 12.06.2020 година, повторно се изврши пресметка, според раздвојувањето на македонски добра и услуги со 20% и останати добра и услуги со 10%, наместо досегашните 15% поврат на ДДВ.

Со оваа нова функционалност, МојДДВ освен враќање пари назад кај граѓаните и борба против неформалната економија, придонесе и кон ревитализирањето на домашната економија, а Управата за јавни приходи уште еднаш се докажа дека е партнер на македонското стопанство во надминување на последиците од здравствено економската криза и поддржувач на домашната економија.

## Антикризната мерка за домашните компании „ВИКЕНД БЕЗ ДДВ” повеќекратно го зголеми прометот од македонски производи

Управата за јавни приходи го заокружи првиот **Викенд без ДДВ** преку кој граѓаните можеа да остварат враќање на целосниот износ на ДДВ за купените македонски производи и услуги и компјутерска опрема.

Во деновите 10, 11 и 12 октомври 2020 година, вкупно 204.088 граѓани купиле македонски производи и услуги како и компјутерска опрема и издадените фискални сметки ги скенирале преку апликацијата МојДДВ.

Во **Викендот без ДДВ** остварен е промет од 558 .176.715 денари со што граѓаните остварија враќање на ДДВ во износ од 66. 853. 929 денари.

Од анализите и споредбите што ги направи Управата за јавни приходи потрошувачката на македонски производи во овој **Викенд без ДДВ** во споредба со потрошувачката на истите производи во претходните викенди во истиот месец е за 2.2 пати зголемена.

Дополнително скенирани се 3 пати повеќе фискални сметки и остварен е и 9,5 пати поголем промет од македонски производи овој викенд во однос на истиот од минатата година.

Првата мерка од четвртиот (4) - сет на антикризни мерки што ги донесе Владата на Република Северна Македонија стартуваше токму со мерката „**Викенд без ДДВ**” која целосно ја спроведе Управата за јавни приходи.

Резултатите од оваа мерка се повеќе од успешни бидејќи значат повеќе пари назад кај граѓаните, зајакнување на домашниот буџет и истовремено зголемена потрошувачка на македонски производи и услуги. Поттикнување на промет кај македонските компании е поддршка во услови на криза, која влијае и на подобрување на ликвидноста на компаниите.

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Зајакнување на персоналот на УЈП со нови 41 вработувања на неопределено време, 20 вработувања на определено време и 16 прераспределувања.
Во текот на 2020 година, извршени се 12 нови вработувања на неопределено време во постапка за преземање од други институции/мобилност и 29 нови вработувања на неопределено време со постапка на Јавен оглас 349/2019 извршена согласно Годишен план за вработување за 2019.
Со распишан Јавен оглас 1/2020 (до 31.12.2020) вработени се нови 20 вработени на определено време.



На 69 вработени престанал работниот однос во Управата за јавни приходи во периодот јануари-декември 2020 година од кои:

- (56) престаноци/старосна пензија
- (9) престаноци поради смрт на работникот
- (3) престаноци со спогодба
- (1) престанок по сила на закон

За периодот од 01.01.2020-31.12.2020 година во Управата за јавни приходи дадени се (11) опомени против (11) вработени; (4) дисциплински постапки, против (5) вработени, од кои (1) е запрена поради смрт на вработениот, а за другите се изречени (4) парични казни од кои (3) се поништени од страна на второ степен органи и извршувањето на (1) е во тек; (1) суспензија против (1) вработен е завршена.

| Организациона единица | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| УЈП-ГД | 53 | 97 | 150 |
| ДГДО | 22 | 29 | 51 |
| РД СКОПЈЕ | 82 | 96 | 178 |
| РД БИТОЛА | 59 | 74 | 133 |
| РД ПРИЛЕП | 60 | 69 | 129 |
| РД ТЕТОВО | 111 | 55 | 166 |
| РД ШТИП | 77 | 81 | 158 |
| РД СТРУМИЦА | 56 | 58 | 114 |
| ВКУПНО | 520 | 559 | 1,079 |




Образовната структура на вработените е:

- 65% или 701 лица со високо образование
- 5.7% или 62 лица со вишо образование
- 27.9% или 301 лице со средно образование
- 1,4% или 15 лица со основно образование



# ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

*Подобрување на плановите за едукација на даночните обврзници и зајакнување на капацитетот на вработените преку едукација*



Насочената едукација на вработените преку Даночната Академија (ДА) треба да ја поддржи реорганизацијата на институцијата и новите деловни процеси на клучните функции, како и потребите за обука за работењето и управувањето со цел да ја подобри способноста на вработените на сите нивоа

Во периодот јануари-декември 2020 година реализирани се вкупно 37 едукативни настани за вкупно 612 слушатели (вработени во УЈП , даночни обврзници и учесници на студиска посета).
Имено реализирани се:

1. 10 планирани едукации со активно учество на 336 вработени од УЈП
2. Во извештајниот период реализирани се и вон плански активности, вкупно 26 ад - хок обуки за вработените во УЈП во земјата и странство подржани од домашни институции и меѓународни програми на теми и области поврзани со редовните работни задачи на Управата како и за даночни обврзници на кои активно учествуваа 202 вработени во Управата.
3. Во извештајниот период реализирана е 1 ад - хок обука за потребите на даночни обврзници на која активно учество имаа вкупно 74 даночни обврзници.

Во извештајниот период од страна на Управата за јавни приходи беа спремни за реалзиацијa повеќе планирани едукативни настани но заради пандемијата со вирусот COVID-19 истите беа одложени.



# СОРАБОТКА И ЧЛЕНСТВО НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ СО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ



## ЕУ ТВИНИНГ ПРОЕКТ СО АВСТРИЈА И ХРВАТСКА „ПОДОБРУВАЊЕ НА НАПЛАТАТА НА ПРИХОДИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ДАНОЧНАТА И ЦАРИНСКАТА ПОЛИТИКА"

Управата за јавни приходи заедно со Царинската управа и Министеството за финансии од јануари 2020 година учествува во ИПА Твининг проектот насловен како „Подобрување на наплатата на приходи и подобрување на даночната и царинската политика". Основна цел на проектот е усогласување на даночното и царинското законодавство, во согласност со релевантното законодавство на ЕУ и најдобрите практики. Покрај тоа, проектот е насочен кон поедноставување на даночните и царинските процедури што ќе резултираат во подобрување на квалитетот на даночните и царинските услуги што им се нудат на граѓаните. Проектот ќе трае 3 години, а земјите членки на ЕУ, Австрија и Хрватска се Твининг партнери на Управата за јавни приходи.

Имајќи ги предвид клучните приоритети во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (Acquis Communautaire), помошта од земјите-членки на ЕУ ќе биде од голема корист за постигнување на понатамошно усогласување во областа на директните и индиректните даноци со сите релевантни акти на ЕУ. Поради здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID -19, активностите од почетокот на кризата се одвиваат онлајн преку видео - конференциски работилници.

Досегашната имплементација на проектот се одвива успешно, а тоа го потврди и Делегацијата на ЕУ во Скопје кои посочуваат дека и покрај кризата проектот предизвика големо внимание и преставува пример за останатите проекти во регионов.

Целокупната досегашна активност е содржана и во билтенот кој е објавен на официјалната веб страна на Министерството за Финансии на Австрија, а ќе биде објавен и во службените гласила на ЕУ.
Во текот на 2020 година одржани се 4 состаноци на Управувачкиот одбор на проектот, како и 10 активности (мисии) на кои учествуваа 96 вработени од повеќе функции на УЈП.

## ПРОЦЕНКА НА ДАНОЧНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ОД СВЕТСКА БАНКА

Експертите од Светска Банка со користење на алатката Tax Diamond во периодот мај-август 2020 година целосно он-лајн извршија сеопфатна проценка на даночната администрација. Се оценуваа релативните јаки страни на Управата за јавни приходи и можностите за нејзино подобрување споредени со добрите меѓународни практики. Вкупно 230 показатели дадоа слика на успешноста на Управата за јавни приходи врз основа на збирни мерења на успешноста на работењето, стратешката визија, законската и регулативната рамка. Управата за јавни приходи активно ќе ја продолжи соработката со Светската банка.

**ИНТРА-ЕВРОПСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДАНОЧНИ АДМИНИСТРАЦИИ (IOTA)** е меѓународна организација која има за цел продлабочување на соработката и размена на искуства помеѓу 44 даночни администрации - членки на IOTA, преку присуство на семинари, работилници и средби на групи по одредени области.

> **Управата за јавни приходи од 1997 година е полноправна членка на Интра-европската организација на даночните администрации (IOTA)**

**ИНТРА-ЕВРОПСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДАНОЧНИ АДМИНИСТРАЦИИ (IOTA)** - Во периодот од 24-25 јуни 2020 година се одржа 24-то Генерално собрание на Интра-европската организација на даночни администрации (ИОТА) преку Интернет-платформа на кое присуствуваше директорот на Управата за јавни приходи и раководителот на Секторот за меѓународна соработка. Воедно 17 вработени учествуваа на повеќе настани: “Forum on the Use of Data from Automatic Exchange of Information (AEOI)”, “Communication Forum”, “6th Regional Meeting on BEPS for Eurasian countries”, “Forum on Combating VAT Fraud”, “Forum on Implementation of Measures to counter Base Erosion Profit Shifting (BEPS)”,“IOTA Talks”..

Од страна на Управата за јавни приходи беа одговорени следните прашалници:

- Годишната анкета за имплементација на ИОТА стратегијата Annual Survey on IOTA Strategy Implementation
- Консултантска анкета за преглед на стратегијата и Повелбата на ИОТА
- Анкета за рефокус на ИОТА работната програма за 2020 година
- Прашалници поврзани со мерки превземени заради вирусот COVID-19 пандемијата во однос на одржување на бизнис континуитетот и кон поддршка на даночните обврзници

**(OECD) ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ** - организација која промовира политики за унапредување на економијата и благосостојбата на луѓето.

Северна Македонија е членка на Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели на ОЕЦД, кој брои над 160 членки. Глобалниот форум е клучна меѓународна организација која работи на имплементација на меѓународните стандарди за даночна транспарентност и размената на информации. Глобалниот форум осигурува дека овие високи стандарди за транспарентност и размена на информации за даночни цели се поставени низ целиот свет преку активности за мониторинг и вршење увид/оценување (peer review) над примената на меѓународните стандарди.

Оценувањето за спроведување на стандардот за размена на информации по барање (EOIR стандард), се врши во три категории: *Достапност на информации, Пристап до информации и Размена на информации.*

**ОЕЦД и размена на информации согласно договорите за одбегнување на двојно оданочување**

Од 01.01.2020 година стапи во сила Мултилатералната конвенција, чија примена започнува на 01.01.2021 година.

Во првиот квартал упатени се две барања на информации до две земји потписнички на Мултилатералната конвенција. Добиени се повратни информации од даночните администрации до кои се упатени барањата дека барањата не ги исполнуваат сите потребни услови предвидени во Мултилатералната конвенција за да може да се постапи по истите.

Во август 2018 година Република Македонија стана 117-та земја членка на БЕПС Инклузивната рамка и како таква заедно со останатите земји на исто ниво учествува во преземање на мерки за спречување на можностите за одбегнување на плаќање на данок, односно мерки за зачувување на својата даночна основа. Земјата се обврза за имплементација на минималните стандарди од оваа рамка (акција 5, 6, 13 и 14 од Акцискиот план на БЕПС).

Во текот на 2020 година преземени се следните активности:

- **Акција 5**:
  Надлежните институции во РСМ тесно соработуваат со Секретаријатот на ОЕЦД, обезбедувајќи информации релевантни за peer review на режимот ТИРЗ којшто се одржа во октомври 2020 година. Земјата испрати преписка до Секретаријатот на ОЕЦД во која е

наведено дека земјата е подготвена да направи соодветни измени и дополнувања на законот за ТИРЗ, вклучително и одредби за „nexus“ во самиот закон, со цел да се усогласат со барањата од Акцијата5, доколку има индикации од Секретаријатот на ОЕЦД. Информирани сме дека оваа заложба ќе го надгради заклучокот за режимот на РСМ во постапката како „во процес на измена“ и дополнително дека ова вклучува заложба РСМ да направи такви измени во временските рамки на Акцијата 5, што би биле во рок од 12 месеци, односно до крајот на 2021 година.

- **Акција 6**:
  На 29 јануари 2020 година, РСМ го потпиша најсеопфатниот инструмент за меѓународно оданочување, Мултилатералната конвенција за спроведување на мерки поврзани со даночниот договор за спречување на ерозија на даночната основа и алокација на профитот (МЛИ) преку која ќе се спроведе овој минимален стандард. Од страна на Министерсвото за финансии се испратија финалните ревидирани позиции за Мултилатералниот инстумент во декември 2020 година за конечен преглед до ОЕЦД, на којшто ОЕЦД во јануари 2021 година даде известување дека нема забелешки. Следен чекор е ратификација на МЛИ и депонирање на Инструментот за ратификација на МЛИ до ОЕЦД.
- **Акција13**:
  РСМ има изготвено нацрт на законодавството за „извештаи по земја“ следејќи го законското законодавство предвидено во Акциониот план 13 и искуствата на другите земји. Во моментов, законодавството е во фаза на ревизија од надлежни лица во Министервото за финансии и треба да се усогласи со релевантните засегнати страни.

  Управата за јавни приходи тесно соработуваше со тимот на Секретаријатот на Глобалниот форум одговорен за преземање прелиминарна проценка на доверливоста и заштитните податоци за податоците што веќе се во сила.
  Во моментов во тек се активности во Секретаријатот на ОЕЦДза анализа на доставените прашалници, документација и информации од страна на нашата јурисдикција, по одржаниот вебинар со експертите од ОЕЦД на 22.06.2020 година заради разјаснувања и согледување на моменталната ситуација околу безбедноста на информациите и информатичкиот систем на УЈП, во насока на идно воспоставување на автоматска размена на информации и Извештаи по земја согласно Акција 13 од БЕПС Инклузивната рамка.
- **Акција 14**:
  Земјата побара одложување на процесот на peer review за акција 14, бидејќи не беше иницирана постапка за заемен договор (МАП). УЈП прими еден МАП иницирап од Германија во 2020 година кој во моментот се разгледува.
  За Акција 14 - Постапка за заемно договарање- во тек е изработка на предлог-Прирачник (Guidance) согласно ОЕЦД стандардите и правилата од минималниот стандард од БЕПС Инклузивната рамка.
  Дополнително, земјата ги следи дискусиите на столбот 1 и столбот 2 на проектот за дигитална економија на ОЕЦД.

## МЕЃУНАРОДЕН МОНЕТАРЕН ФОНД (IMF)

Во согласност со стратешките планови и цели, соработката со Меѓународниот монетарен фонд е во насока на развивање и реформирање на основните функции на Управата за јавни приходи преку обезбедување на техничка помош и обука.

### Користење на техничка помош преку ММФ

Во 2020 година се одржаа следните ММФ мисии:

- ММФ Работилница за ИТ реформа спроведена од ММФ експертот Тимо Лауканен во периодот 21-24.01.2020 година.
- ММФ мисија на Телита Беникерс Норгаард за Примена на принципите на управување со ризикот кај усогласеноста со цел подобрување на оперативната ефикасност спроведена во периодот 23.01-05.02.2020 година.
- ММФ мисија на Роџ Етриџ за Подобрување на ефикасноста на даночната контрола одржана во периодот 25 февруари до 5 март 2020 година.

Во месец мај 2020 година се одржа регионален состанок на даночните администрации (организиран во форма на вебинар), на највисоко ниво посветен на продолжувањето на нормалното функционирање на деловните процеси за време на/по кризата предизвикана од вирусот Ковид-19.
На истиот, се дискутираше и за главните точки од неодамнешните специјални изданија на ММФ за новонастаната состојба од пандемијата:

- Продолжување на деловните процеси на даночните администрации и
- Даночна администрација -Реактивирање/зацврстување на работењето со цел да се обезбеди наплата и усогласеност

На 29.09.2020 година се организираше вебинар од страна на Енрико ААВ (виш економист ма ММФ) на кој учествуваа директорот, заменикот и раководителите на Сектори во УЈП на кој беше претставен новиот регионален советник за даночни администрации на Југоисточна Европа г-дин Димитри Јегоров, а беше разговарано и за предлог планот за екпертски мисии предвидени во новата фискална година.

Во периодот од 23-ти ноември 2020 година до 20-ти јануари 2021 година во УЈП се одржа ММФ мисија за ТАДАТ оценување.
2 вработени од УЈП учествуваа на вебинар на тема The VAT in the post Covid-19 Era кој се одржа на 17.11.2020 во организација на ММФ.

**Учество во програмските активности на ФИСКАЛИС 2020**

Во текот на 2020 година, 12 вработени од Управата за јавни приходи присустуваа на 13 настани (работилници, семинари, состаноци, вебинари, конференции и друго) организирани во рамки на Фискалис 2020 програмата.
За фискална 2019 година (01.04.2019 – 31.03.2020 година) до 31.03.2020 искористени се 45,061.99 ЕУР, односно 82% од алоцираните средства за финансиската 2020 година.

## (CEF) ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ФИНАНСИИТЕ

Центарот за развој на финансиите (CEF) има за цел поддршка во развојот на капацитетите во менаџирањето на јавните финансии, даночната политика и администрација, и реформите во централното банкарство преку обезбедување на високо квалитетни практични програми и обуки (работилници, семинари, сертифицирани програми) и поттикнување на регионалната соработка.
Во насока да се унапреди регионалната соработка, од страна на Центарот за развој на финансиите (CEF) се спроведува проект за поддршка на даночните администрации во Југоисточна Европа со цел зајакнување на капацитетите на даночните управи и справување со предизвиците со кои се соочуваат.

### Користење на техничка помош преку ЦЕФ

Во текот на 2020 година беа одржани повеќе онлајн работилници, семинари, состаноци, вебинари, конференции и друго организирани во рамки на ЦЕФ програмата на кои присуствуваа вработени од повеќе функции во УЈП:

- “Designing modern administration until further notice” (17 Март 2020);
- COVID-19 Crisis: Leadership Challenges in Public Institutions.
- “Promotion an exchange experiences among peers from South East Europe and beyond (e.g. Denmark and Netherlands on how to cope with the implications of Covid-19 pandemic) (03-06 Април 2020);
- “Increasing Taxpayer Compliance and Reducing Compliance- Covid-19. (21, 28.Април 2020);
- “Зголемување на усогласеноста на даночните обврзници и намалување на трошоците за усогласеност”22-24.04.2020.
- “Идентификување на даночни измами, вклучувајќи електронска трговија".
- Navigating Towards “The new Normal’ Economy.
- “Проценување на даночниот јаз” кој се одржа во периодот 19.10.-06.11.2020 година, “Комуникација во кризни времиња”
- “Лидерство во кризни времиња”

## (EU) ЕВРОПСКА УНИЈА

Во насока на остварување на подобри резултати во работењето, како и овозможување на ефикасни и брзи услуги кон даночните обврзници, Управата за јавни приходи активно се вклучи во користењето на предпристапните фондови кои ги овозможува Европската унија.

### Користење на техничка помош преку инструментот TAIEX

Во текот на 2020 година не се поднесени нови апликации за работилница, експертска мисија или студиска посета, заради новонастанатата ситуација со вирусот COVID-19.

# ДОБРОВОЛНО И ЗАКОНСКО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРСКИ



*Наша цел е да го зголемиме доброволното пријавување и наплата на даночните обврски, преку подигнување на довербата на даночните обврзници кон институцијата и обезбедување на можности за брз и едноставен контакт, информирање, едуцирање и квалитетни услуги.*

## 1 ДАДЕНИ УСЛУГИ КОН ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ

Во периодот јануари-декември 2020 година дадени се 13,398 писмени одговори на поставени прашања и барања доставени преку е-пошта од даночните обврзници.
Одржани се и 2.790 советодавни посети кај даночните обврзници и 138 едукативни семинари, а се со цел информирање и едукација на даночните обврзници за законски обврски за доброволно и навремено исполнување на даночните обврски.

| | 2020 | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Писмено одговорени прашања и барања на ДО доставени преку е-пошта | 13,398 | 5,290 | 2,605 |
| Советодавни посети кај даночните обврзници | 2,790 | 3,443 | 5,304 |
| Едукативни средби/семинари | 138 | 522 | 548 |
| Вкупно | 16,438 | 9,367 | 8,457 |

## 2 АКТИВНОСТИ ВО КОНТАКТ ЦЕНТАРОТ

Во периодот јануари-декември 2020 година се извршени 486 телефонски известувања на даночните обврзници за нивните долгови. Преку Повикувачки Центар–Инфо линија 0800 33 000 се примени 31,873 повици од даночните обврзници со прашања за даноците и оданочувањето од кои 18,405 за Данок на личен доход, 4,357 за Данок на добивка, 6,549 за Данок на додадена вредности и 2,562 други повици по основ на инсталација на код, прашања за наплата на глоби, фискализација, придонеси и социјално осигурување, начин и постапка на регистрација по разни основи, пополнување на обрасци итн.

| | 2020 | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Телефонско известување на ДО за даночен долг * | 486 | 3,201 | 2,769 |
| Инфо линија 0 800 33 000 | 31,873 | 26,265 | 32,081 |
| Телефонска линија 198 - Број на валидни повици | 2,056 | 8,515 | 2,700 |

**Намалениот број на телефонски известувања на даночните обврзници за нивните долгови, во периодот , беше условен од спроведување на донесената Уредба со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба*

# ПЛАН И НАПЛАТА НА ДАНОЦИТЕ, СОЦИЈАЛНИТЕ ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ЈАВНИ ДАВАЧКИ ВО 2020 ГОДИНА




Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на РСМ", бр.265 од 23.12.2019 година) проектиран е износ на Приходи на основен буџет и фондови во висина од 260,456,525,000 денари, од кои даночните приходи и придонесите како дел од Основниот Буџет и фондовите со кои администрира Управата за јавни приходи (УЈП), беа планирани во висина од 172,755,020,000 денари, или од наплата на даноците 92,037,000,000 денари и од наплата на придонесите 80,718,020,000 денари.

Реализацијата на Буџетот во изминатиов период од годината беше под влијание на здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот, што се рефлектираше и на реализацијата на приходите. На 15.05.2020 година, донесена е Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за време на вонредната состојба („Службен весник на РСМ", бр.126), со која е извршен првиот Ребаланс на Буџетот со кој Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година - Буџетска сметка, е проектиран во висина од 259,811,666,000 денари што претставува намалување во однос на првиот план во апсолутен износ од 644,859,000 денари или за 0,25%.

Во тие рамки, даночните приходи и социјалните придонеси од плати кои ги администрира Управата за јавни приходи беа планирани во висина од 155,127,000,000 денари, или од наплата на даноците 77,300,000,000 денари и од наплата на придонесите 77,827,000,000 денари.

На 04.11.2020 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Сл. весник на РСМ", бр.

262/2020), со кој е извршен Ребаланс на Буџетот, кој е проектиран во висина од 273,005,568,000 денари, што во однос на претходниот план во износ од 259,811,666,000 денари претставува зголемување за 5,08%.

Во тие рамки, даночните приходи и социјалните придонеси од плати кои ги администрира Управата за јавни приходи се планирани во висина од 155,933,170,000 денари, што претставува зголемување од претходниот план за наплата на приходите од УЈП за 0,52%. Со тоа, Управата за јавни приходи се задолжува за наплата на 57,12% од средствата кои го формираат Буџетот на Република Северна Македонија-Буџетска сметка.



## ДАНОЦИ

**Даноците** како дел од Основниот Буџет и фондовите со Буџетскиот план беа проектирани во износ од 77,300,000,000 денари, (Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за време на вонредната состојба („Службен весник на РСМ", бр.126). Со Ребалансот на Буџетот на РСМ даночните приходи се проектирани во висина од 77,300,000,000 денари, што значи дека Планот за даночните приходи за 2020 година останал ист.

## ПРИДОНЕСИ

**Придонесите** како дел од Основниот Буџет и фондовите со Буџетскиот план беа проектирани во износ од 77,827,000,000 денари, (Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за време на вонредната состојба („Службен весник на РСМ", бр.126). Со Ребалансот на Буџетот на РСМ социјалните придонеси се проектирани во висина од 78,633,170,000 денари, што значи зголемување на претходниот план за 806,170,000 денари или 1,04%.

| | БУЏЕТ ПЛАН 2020 | РЕБАЛАНС ПЛАН 2020 | Учество Буџет на РСМ | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА РСМ** | **260,456,525,000** | **273,005,568,000** | | | 100.00 |
| **ПРИХОДИ ОД ДАНОЦИ И СОЦИЈАЛНИ ПРИДОНЕСИ** | | | *Учество на даноци и придонеси* | | |
| | **172,755,020,000** | **155,933,170,000** | **100.00** | | **57.12** |
| **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ (ДД,ПДД,ДДВ)** | | | *Учество во даноците* | | |
| | **92,037,000,000** | **77,300,000,000** | **100.00** | 49.57 | 28.31 |
| Данок на добивка | **16,000,000,000** | 10,600,000,000 | 13.71 | 6.80 | 3.88 |
| Персонален данок на доход | **20,287,000,000** | 18,700,000,000 | 24.19 | 11.99 | 6.85 |
| ДДВ | **55,750,000,000** | 48,000,000,000 | 62.10 | 30.78 | 17.58 |
| **ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТА** | | | *Учество во придонесите* | | |
| | **80,718,020,000** | **78,633,170,000** | **100.00** | **50.43** | **28.80** |
| Пензиско и инвалидско осигурување | **46,970,000,000** | 45,384,670,000 | 57.72 | 29.11 | 16.62 |
| Здравствено осигурување | **30,883,020,000** | 30,339,000,000 | 38.58 | 19.46 | 11.11 |
| Осигурување во случај на невработеност | **2,865,000,000** | 2,909,500,000 | 3.70 | 1.87 | 1.07 |



Во 2020 година, е остварен **вкупен приход од даноци и социјални придонеси од плата** во износ од 155,943 милиони денари (155,942,653,430 денари), што претставува **100.01%** од вкупно планираните приходи за 2020 година.

По основ на **даноци** во 2020 година, остварен е вкупен приход од **76,015** милиони денари. Овој износ е: понизок за 1.66% во однос на планираниот приход од 77,300 милиони денари.

Во 2020 година остварен е вкупен приход по основ на **социјални придонеси од плата** во износ од 79,928 милиони денари (79,928,037,334 денари).
Овој износ е повисок за: 1.65% во однос на ребаланс планот

| Даноци во 000,000 | План | Наплата | Индекси |
|---|---|---|---|
| ДД | 10,600 | 10,496 | 99.02 |
| ПДД | 18,700 | 18,625 | 99.60 |
| ДДВ | 48,000 | 46,893 | 97.69 |
| **Вкупно даноци** | **77,300** | **76,015** | **98.34** |
| *Учество во %* | 49.57 | 48.75 | |
| *Придонеси во 000,000* | Р.План | Наплата | Индекси |
| ПИО | 45,385 | 46,354 | 102.14 |
| ПЗО | 30,339 | 30,733 | 101.30 |
| ПОН | 2,910 | 2,840 | 97.63 |
| **Вкупно придонеси** | **78,633** | **79,928** | **101.65** |
| *Учество во %* | 50.43 | 51.25 | |
| **Даноци и придонеси** | **План** | **Наплата** | **Индекси** |
| **Вкупно приходи** | **155,933** | **155,943** | **100.01** |



# ПЛАН И НАПЛАТА НА ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ

Во 2020 година, остварен е вкупен даночен приход од 76.014.616.096 денари. Овој износ е понизок за:

- 1.66% во однос на планираниот приход од 77.300.000.000 денари, понизок за
- 7.66% во однос на остварениот приход од 82.319.264.229 денари во истиот период од 2019 година, понизок за
- 6.8% во однос на остварениот приход од 81.558.433.725 денари во истиот период од 2018 и повисок за
- 2.05% во однос на наплатениот приход во истиот период од 2017 година во износ од 74,486,440,431 денар

| Вид данок | План | Наплатено | | | | Индекси: | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | нап./пл`20 | 2020/19 | 2020/18 | 2020/17 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 (3:2) | 8 (3:4) | 9 (3:5) | 10 (3:6) |
| ДД | 10,600,000,000 | 10,496,394,182 | 11,554,440,860 | 14,745,279,525 | 11,353,142,997 | 99.02 | 90.84 | 71.18 | 92.45 |
| ДЛД | 18,700,000,000 | 18,625,415,466 | 18,705,659,577 | 17,559,094,247 | 15,263,206,552 | 99.60 | 99.57 | 106.07 | 122.03 |
| ДДВ | 48,000,000,000 | 46,892,806,448 | 52,059,163,792 | 49,254,059,953 | 47,870,090,882 | 97.69 | 90.08 | 95.21 | 97.96 |
| **ВКУПНО** | **77,300,000,000** | **76,014,616,096** | **82,319,264,229** | **81,558,433,725** | **74,486,440,431** | **98.34** | **92.34** | **93.20** | **102.05** |








**92.27%** од наплатените даночни приходи се платени од страна на даночните обврзници по поднесени даночни пријави или по изготвени решенија од страна на УЈП по претходно пријавени даноци од страна на даночните обврзници, доброволно без било каква интервенција на УЈП, како и со користење на повеќе платените даноци за наплата на данок кој се должи (пребивање). Над републичкиот просек за доброволна наплата е остварена во ДГДО, каде 97.46% од наплатата на даноците е извршена доброволно.

| РД | Нето даночни приходи | Доброволно плаќање | Пребивање на долг со преплата | Вкупно доброволно плаќање | Учество ДП/НДП | Отстапување на побарува | Репрограм на ЈП | Инспекц. контрола 75% | Опомени (даноци без МПИН) | Присилна наплата на даноци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РД Скопје | 28,218 | 25,038 | 614 | **25,652** | 90.91 | 0.0 | 110 | 224 | 859 | 1,372 |
| РД Битола | 3,713 | 2,979 | 160 | **3,139** | 84.54 | 11.6 | 82 | 159 | 220 | 101 |
| РД Прилеп | 1,653 | 1,127 | 224 | **1,351** | 81.72 | 36.6 | 24 | 103 | 85 | 53 |
| РД Струмица | 1,568 | 414 | 223 | **637** | 40.64 | 0.0 | 168 | 105 | 296 | 361 |
| РД Тетово | 3,062 | 2,569 | 164 | **2,733** | 89.25 | 0.0 | 20 | 116 | 163 | 30 |
| РД Штип | 3,506 | 3,129 | 73 | **3,202** | 91.33 | 0.0 | 23 | 28 | 109 | 144 |
| ДГДО | 34,294 | 32,197 | 1,227 | **33,424** | 97.46 | 3.2 | 106 | 123 | 568 | 70 |
| **Вкупно** | **76,015** | **67,453** | **2,685** | **70,138** | **92.27** | **51** | **534** | **859** | **2,300** | **2,132** |
| (%) | **100.00** | **88.74** | **3.53** | **92.27** | | **0.07** | **0.70** | **1.13** | **3.03** | **2.81** |



Во 2020 година, остварен е вкупен ДДВ приход од 46,892,806,448 денари.

| Вид данок | План | Наплатено | | | | Индекси: | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | нап./пл`20 | 2020/19 | 2020/18 | 2020/17 |
| ДДВ приход | 48,000,000,000 | 46,892,806,448 | 52,059,163,792 | 49,254,059,953 | 47,870,090,882 | 97.69 | 90.08 | 95.21 | 97.96 |
| ДДВ поврат | / | -25,551,771,906 | -25,961,519,527 | -24,616,779,820 | -20,661,697,578 | / | 98.42 | 103.80 | 123.67 |
| Бруто ДДВ | / | 72,444,578,354 | 78,020,683,319 | 73,870,839,773 | 68,531,788,460 | / | 92.85 | 98.07 | 105.71 |




Структурата на остварените приходи од ДДВ - данокот од увоз, данокот од промет во земјата, данокот на донации, задржаниот ДДВ во присилна наплата, камата за доцнење на плаќање на ДДВ и износот на вратениот ДДВ по барање на даночните обврзници, се како што следува:

| Период | ДДВ на увоз | ДДВ промет во земјата | ДДВ донации | Камата | Зад.ДДВ пр. наплата | Поврат на ДДВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 3,794,808,429 | 3,138,322,413 | 9,388,267 | 8,487,324 | 7,857,548 | -2,534,682,462 | 4,424,181,519 |
| Февруари | 4,384,175,446 | 1,706,255,367 | 1,901,547 | 4,330,944 | 480,673 | -2,306,984,798 | 3,790,159,179 |
| Март | 4,088,173,276 | 1,282,466,607 | 1,488,172 | 10,098,392 | 1,534,087 | -1,847,123,702 | 3,536,636,832 |
| Април | 3,213,347,154 | 1,896,042,758 | 678,928 | 31,969,588 | 5,372,028 | -2,403,056,664 | 2,744,353,792 |
| Мај | 3,139,116,348 | 1,170,922,841 | 1,685,469 | -574,340 | 4,352 | -1,818,666,177 | 2,492,488,493 |
| Јуни | 3,973,939,605 | 1,410,666,418 | 7,289,267 | -872,619 | 93,735 | -2,279,992,801 | 3,111,123,605 |
| Јули | 4,528,114,737 | 2,217,242,354 | 675,386 | 2,349,051 | -208,451 | -1,722,541,055 | 5,025,632,022 |
| Август | 3,650,444,068 | 1,935,142,864 | 1,928,526 | 12,970,898 | 16,823 | -1,920,418,349 | 3,680,084,830 |
| Септември | 4,319,396,003 | 1,855,819,796 | 139,123 | 12,644,573 | 18,625,300 | -2,094,002,696 | 4,112,622,099 |
| Октомври | 4,463,604,847 | 2,612,205,997 | 3,108,894 | 7,353,038 | 12,190,221 | -1,415,076,651 | 5683386346 |
| Ноември | 4,606,546,694 | 1,698,393,637 | 2,055,202 | 9,916,618 | 39,075,535 | -2,586,026,135 | 3769961551 |
| Декември | 5,313,833,410 | 1,811,753,592 | 3,451,575 | 8,853,623 | 7,484,396 | -2,623,200,416 | 4522176180 |
| **Вкупно 2020** | **49,475,500,017** | **22,735,234,644** | **33,790,356** | **107,527,090** | **92,526,247** | **-25,551,771,906** | **46,892,806,448** |
| **Вкупно 2019** | **55,023,500,138** | **22,814,229,059** | **20,955,965** | **96,526,004** | **65,472,153** | **-25,961,519,527** | **52,059,163,792** |
| Индекси 2020/2019 | 89.92 | 99.65 | 161.24 | 111.40 | 141.32 | 98.42 | 90.08 |

Структурата на наплатата на ДДВ во 2020 година во однос на 2019 година го покажува следното:

- Намалување на ДДВ од увоз во 2020 однос на истиот период од 2019 за 5,548,000,121 денари (10.08%).
- Намалување на ДДВ од прометот во земјата во 2020 во однос на истиот период од 2019 година, за 78,994,415 денари (0.35%).
- Данокот на донации покажува зголемување во 2020 во однос на 2019 за 12,834,391денар (61.24%)
- Намалување на повратот на ДДВ во 2020 во однос на 2019 за 409,747,621 денар (1.58%).

